## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОТЕРАПИЈА - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦ. Д-Р ЗОРИЦА АРСОВА-САРАФИНОВСКА, ВОНР. ПРОФ. Д-Р ТРАЈАН БАЛКАНОВ, М-Р СПЕЦ. МАРИЈА ДАРКОВСКА СЕРАФИМОВСКА И М-Р ВЕРИЦА ИВАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр. 2002-43/24 од 133. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 29.1.2015 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОТЕРАПИЈА - ПРАКТИКУМ" од авторите доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонр. проф. д-р Трајан Балканов, м-р спец. Марија Дарковска-Серафимовска и м-р Верица Ивановска, наменет за студентите по фармација од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип се избрани рецензентите:

– проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
– проф. д-р Бистра Ангеловска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предложениот ракопис од доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонр. проф. д-р Трајан Балканов, м-р спец. Марија Дарковска-Серафимовска и м-р Верица Ивановска со наслов „Клиничка фармација и фармакотерапија" како интерен практикум за објавување во електронска форма на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е наменет за предметот Клиничка фармација и фармакотерапија, што се слуша во деветтиот семестар, на студиската програма Фармација, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со неделен фонд на часови од 2 + 3 + 1.

Ракописот на доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонр. проф. д-р Трајан Балканов, м-р спец. Марија Дарковска-Серафимовска и м-р Верица Ивановска е подготвен според Наставната програма и ја опфаќа наставната материја за курсот Клиничка фармација и фармакотерапија. Ракописот има вкупно 72 страници (А4 формат, со големината на фонтот Arial 10, *regular*, единечен проред) и, во однос на обемот, ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран практикум во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на практикумот е поделена на 11 поглавја (вежби), кои одговараат на посебни наставни единици од областа на клиничката фармација и фармакотерапија. Покрај текстот, ракописот содржи и 23 табели и 31 слика кои имаат за цел да им помогнат на студентите во совладување на предвидениот материјал и да им го направат учењето полесно и поинтересно. Во практикумот се презентирани 30 примери (прикази на случаи) кои ќе овозможат интерактивно усвојување на предвидените тематски содржини.

Овој текст ќе има голем придонес во реализација на практичната настава, затоа тоа што досега нема објавен практикум за предметот Клиничка фармација и фармакотерапија на македонски јазик. При изработката на овој ракопис авторите консултирале релевантни научни извори кои се однесуваат на современите приоди во обработка на предвидените наставни содржини, но и литература за понатамошно проширување на сознанијата од областа на клиничката фармација и фармакотерапија.

На почетокот е дадена содржината со што го олеснува следењето на понудениот материјал. Со кус предговор, авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на практикумот, потоа следи детална предметна програма по курсот Клиничка фармација и фармакотерапија, а на крајот е дадена листа на референци или библиографија (користена литература). Содржината што се презентира во практикумот е систематизирана во следните поглавја:

- Првата вежба, под наслов „Процес на фармацевтска грижа", е наменета да ги запознае студентите со процесот на фармацевтска грижа што вклучува идентификација, решавање и превенција на проблемите поврзани со терапијата со лекови. По успешно совладување на материјалот студентите ќе можат да направат проценка на потребите на пациентот поврзани со употребата на лекови, подготовка на план за лекување на пациентот според направената проценка и евалуација дали се постигнати очекуваните цели од лекувањето на пациентот.
- Втората вежба, под наслов „Документирање на фармакотерапевтските интервенции", се однесува на подготовка на документација за здравствена грижа што подразбира хронолошки опис на третманот на пациентот и претставува форма на комуникација помеѓу здравствените работници за да се обезбеди континуирана нега на пациентот. Со оваа вежба студентите се подготвуваат како да пополнат т.н. фармацевтски здравствен картон што може да биде од голема помош при утврдување на проблемите (ефект на терапијата, несакани дејства на лековите, цена) и идентификација на причините за проблеми поврзани со лекови (избор на лекот, дозата, формулацијата, одесувањето на пациенот и сл.).
- Третата вежба, под наслов „Извори на информации за фармакотерапија", го опфаќа начинот на пребарување и користење на релевантни извори на информации за фармакотерапија. Студентите се запознаваат со: примарни извори на информации од областа на фармакотерапијата (British Medical Journal (BMJ), Lancet, Pediatrics, Macedonian Journal of Medical Sciences (MJMS), Journal of Pharmaceutical Policy and Practice и др.), секундарни извори (на пример, PubMed Cochrane Library, British National Formulary и др.) и терциерни извори (на пример, Martindale, AHFS Drug Information, Stockley's Drug Interactions, Meyer's Side Effects of Medicines, Drugs in Pregnancy and Lactation и др.).
- Четвртата вежба, под наслов „Информативни датабази за фармакотерапија – MICROMEDEX® 2.0", ги запознава студентите со начинот на пристап и користење на информациите содржани во информативната датабаза за фармакотерапија, MICROMEDEX® 2.0.
- Петтата вежба, под наслов „Интеракции на лекови", им овозможува на студентите да ги прошират стекнатите знаења за интеракциите на лекови, да ги препознаваат лековите со висок потенцијал за појава на интеракции, како и групите пациенти со зголемен ризик за интеракции на лекови.
- Во шестата вежба, под наслов „Несакани реакции на лековите", преку прикази на случаи се обработуваат несаканите реакции, најважните фактори на предиспозиција (истовремена примена на повеќе лекови, возраст и пол на пациентите, истовремено присуство на други болести, раса и генетски полиморфизам), механизмите за нивно настанување, утврдување и следење.
- Во седмата вежба, под наслов „Систем на фармаковигиланца", се воведува и поимот на фараковигиланца на лекови, а се претставува и Националниот центар за фармаковигиланца во Република Македонија кој функционира во рамките на Агенцијата за лекови на Република Македонија.
- Во осмата вежба од предложениот текст, под наслов „Клиничка фармакокинетика", преку прикази на случаи се повторуваат и утврдуваат најважните поими од областа на клиничката фармакологија (на пример, привиден волумен на распределба, клиренс на лекот, константа на брзина на елиминација, полувреме на елиминација, биорасположливоста или биодостапноста).
- Деветтата вежба од предложениот ракопис е посветена на интерпретација на лабораториските резултати, неопходно за успешно функционирање на клиничките фармацевти.

– Во десеттата и единаесеттата вежба, насловени како „Педијатрија и новороденче" и „Геријатрија", претставени се случаи за примена на лекови во специфични популациони групи (деца, новороденчиња, постари пациенти...). Фармакокинетските промени кај децата и повозрасните пациенти се важни и имаат значајна улога во однос на тоа како лекот се поднесува од организмот и мора да се земат предвид кога се одредува режим на дозирање за секој пациент поединечно.
– Покрај ова, на крајот од практикумот, во делот Литература, се цитираат референците користени при изработката на овој ракопис, кои истовремено претставуваат и дополнителна информација за оние студенти кои имаат желба да ги прошират сознанијата од областа на клиничката фармација и фармакотерапија.

Како што потенцираат и авторите во предговорот, овој практикум е подготвен со цел да им помогне на студентите во совладување на предвидениот материјал. Секако, за одредени прашања, се препорачува и користење на литературата која е претставена на крајот од текстот, а која послужила во подготвување на практикумот.

## З А К Л У Ч О К

При презентирањето на материјата од областа на клиничката фармација и фармакотерапија, авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски и прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат и разберат суштината на предвидената содржина од областа на клиничка фармација и фармакотерапија. Практикумот претставува значајно учебно помагало, посебно ако се земе предвид дека досега нема објавен практикум по Клиничка фармација и фармакотерапија на македонски јазик. Секако, ова учебно помагало би било еднакво корисно и за веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од горнаведеното може да се заклучи дека ракописот со наслов „Клиничка фармација и фармакотерапија – практикум" од доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вон. проф. Трајан Балканов, м-р спец. Марија Дарковска-Серафимовска и м-р Верица Ивановска ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран практикум. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронско учебно помагало (практикум) на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, с.р.**
**Проф. д-р Бистра Ангеловска, с.р.**